Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ПРИРОДОНАУЧЕН МУЗЕЈ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
INSTITUCIONI NACIONAL MUZEU I SHKENCAVE NATYRORE
I REPUBLIKËS SE MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 01-79/11
29.02. 2024 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 12 став 2 алинеја 20, како и член 28 став 2 точка 17 од Статутот на Националната установа Природонаучен музеј на Република Северна Македонија – Скопје, на предлог на Директорот, Управниот одбор на установата, го усвои следниот :

# П Р А В И Л Н И К

## за користење на изнајмениот простор во салата за тематски изложби, за организирање на роденденски прослави

**Член 1**

Со овој Правилник се утврдуваат начинот на користење на изнајмениот простор, инвентарот, закажувањето, организацијата, уплата за надоместокот, возраста на присутните деца, внесување на храна и пијалоци и надоместокот за евентуално настанатата штета при одржувањето на роденденски прослави во Националната установа Природонаучен музеј на Република Северна Македонија – Скопје (во понатамошниот текст: Музејот).

**Член 2**

Просторот во салата за тематски изложби се изнајмува за период од 2 часа.

**Член 3**

Терминот за изнајмување на просторот односно закажувањето на роденденската прослава се договара однапред, со одговорните луѓе во Музејот.

**Член 4**

Цената за изнајмување на просторот, за одржување на роденденски прослави, е утврдена со одлука на Управниот одбор и во моментот изнесува 2.500,оо денари.

**Член 5**

Уплатата на средствата, за изнајмување на просторот треба да се изврши 3-5 дена пред закажаниот термин, за реализација на прославата

**Член 6**

Возраста на децата кои го прославуваат роденденот е во границите од 5-11 години

**Член 7**

Инвентарот во салата за тематски изложби (училишните клупи и столчиња) и музичкиот систем се стават на располагање на организаторот на роденденската прослава.

**Член 8**

За роденденската прослава дозволено е внесување на готова храна и пијалоци.

**Член 9**

Организацијата и текот на роденденската прослава се исклучива одговорност на родителите, кои го изнајмуваат просторот за истата.

**Член 10**

Во организација на музејот е само прошетката во постојаните изложби, под водство на стручно лице, во траење од 40-45 минути.

**Член 11**

Евентуалното оштетување на инвентарот во музејот е одговорност на организаторот на прослава и негова е должноста да го врати во првобитната состојба.

**Член 12**

По завршување на прославата, организаторот е должен да ги собере остатоците од храната и пијалоците и да ја остави салата во состојбата, пред започнување на роденденската прослава.

**Член 13**

Непочитувањето на одредбите на овој правилник повлекува одговорност согласно позитивните законски прописи.

**Член 14**

Овој Правилник може да се дополнува и изменува на начин и постапка која се применила при негово донесување.

**Член 15**

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од неговото донесување, односно објавување на Огласна табла на Музејот, а ќе се објави веднаш по усвојувањето од страна на Управниот одбор.

**ВД Директор**

М-р Биљана Гаревска